Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: 09-10-2020
Org. Един.: 44 Број: 8936/2

Архивски број -18-2002/2
Дата: 08.10.2020

**До**
**Генерален секретаријат на Владата на РМ**
**Одделение за соработка со НВО**

**Предмет:** Мислење по предлог –иницијатива на Форум –Центар за стратешки истражувања и документација, Скопје

**Ваш број:** 43-8936/1 од 28.09.2020

Почитувани,

Министрството за локална самоуправа во текот на минатата година спроведе оценка на имплементацијата на Законот за локалната самоуправа. Со овој процес беа опфатени и одредбите од законот кои што се однесуваат на правото на граѓаните за непосредно одлучување во донесувањето на одлуки, како и одредбите кои што се однесуваат на месната самоуправа.

Во процесот на консултација спроведен со сите релевантни субјекти, како што се претставници на органите на општините-градоначалници и членови на советите, претставници на општинската администрација и претставници од граѓанскиот сектор беше констатирано дека има потреба да се доуредат и двете области. Од една страна попрецизно да се определи местото и улогата на месната самоуправа во системот на локалната самоуправа, особено во процесите на донесување на одлуки од страна на органите на општината, како и да се преиспитаат постојните и со закон да се предвидат нови механизми за поголема вклученост на граѓаните, како и за зголемена транспарентност и отчетност на локално ниво.

Во таа смисла, иницијативата на Форум–Центар за стратешки истражувања и документација е релевантна и Министерството за локална самоуправа ќе ја земе во предвид при подготовката на измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа. Во текот на постапката за менување на Законот, повторно ќе биде спроведена консултација со засегнатите страни, каде што ќе бидат


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

поканети и претставници на граѓанскиот сектор, кои што со својата експертиза ќе можат директно да придонесат во подобрувањето на текстот на законот.

Во однос на политиката за рамномерен регионален развој, Министерството за локална самоуправа подготвува нова Стратегија за регионален развој и нов Закон за рамномерен регионален развој. Подготвени се експертски анализи за секоја област која што има директно влијание на развојот на планските региони. Предложените мерки ќе бидат земени предвид при подготовката на нацрт текстот на Стратегијата кој што ќе биде консултиран и со граѓанскиот сектор. Почитувањето на степенот на развиеност на планските региони при распределбата на средствата за капитални инвестиции од страна на сите ресори, не само од Министерството за локална самоуправа, ќе биде една од основните мерки за намалување на разликите во степенот на развиеност на планските региони.

**МИНИСТЕР**
**м-р Горан Милевски**

Одобрил
Државен секретар
Кирил Парталов

Подготвил
М-р Ели Чакар


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk